Врз основа на член 215 ст.2 од Законот за трговски друштва,содружниците на АЈТОНА ХОЛДИНГ С.А од Панама регистрирана со број 449847 број на регистар 589813 од 20.04.2005 година во Панама Сити-Панама ја донесоа следната,

# О Д Л У К А

Чл.1

Да се изврши зголемување на основачкиот влог со превземање на влог во Друштво за угостителство и туризам КОРОНА ИНТЕРНАЦИОНАЛ ДОО експорт импорт Скопје,ул.Димитрие Чуповски бр.7/2-17.

Чл.2

АЈТОНА ХОЛДИНГ С.А од Панама регистрирана со број 449847 број на регистар 589813 од 09.03.2004 година во Панама Сити-Панама зголемувањето да го изврши со дополнително вложување:

-паричен влог во износ од 499.960 Евра или 30.397.500,00 денари во денарска противвредност според курсот на НБРМ, уплатен на две рати и тоа:
износ од 199.960 Евра или 12.197.500,00 денари во денарска противвредност уплатен е на ден 17.09.2004 година
и износ од 300.000,00 Евра или 18.300.000,00 денари во денарска противвредност уплатен е на ден 19.04.2005 година
кој износ е во целост уплатен на жиро сметката на Друштвото отворена при Тутунска банка АД Скопје пред поднесување на пријавата за упис на зголемувањето на основната главнина во трговскиот регистар.

Чл.3

Со извршеното зголемување од страна на содружниците АЈТОНА ХОЛДИНГ С.А од Панама Сити-Панама ,како содружник ќе има **99,6%** или **502.460 Евра или 30.650.500,00 денари** во денарска противвредност според курсот на НБРМ од основачкиот влог во Друштво за угостителство и туризам КОРОНА ИНТЕРНАЦИОНАЛ ДОО експорт импорт Скопје,ул.Димитрие Чуповски бр.7/2-17.

Чл.4

Согласно член 221 од ЗТД АЈТОНА ХОЛДИНГ С.А од Панама регистрирана со број 449847 број на регистар 589813 од 09.03.2004 година во Панама Сити-Панама ја овластува адвокат Караиванова Јулијана од Гевгелија [redacted] број на адвокатска легитимација [redacted] издадена од АКРМ, да како негов застапник-полномошник во Собирот на содружниците го застапува и преставува друштвото согласно ЗТД.

Чл.5

Застапникот во согласност со предходниот член од оваа Одлука е овластен да во името и за сметка на АЈТОНА ХОЛДИНГ С.А. Панама учествува во работата на Собирот на содружници, во донесувањето акти, изјави,одлуки ,**без ограничување,** да во име и за сметка на друштвото ги потише и завери кај овластен нотар сите донесени акти а особено:

- Одлуката согласно член 257 од ЗТД

- Да во име на содружникот даде изјава за превземање на влогот согласно член 256 т.4 од ЗТД

-Да ги потпише сите нотарски заверки

-Да врши корекција на актите.

-Да во името на друштвото ги преземе сите дејствија за зголемување на основната главнина во Друштво за угостителство и туризам КОРОНА ИНТЕРНАЦИОНАЛ ДОО експорт импорт Скопје,ул.Димитрие Чуповски бр.7/2-17 , за изготвување документација и предавање во регистарски суд Основен суд Скопје 1 Скопје и другите надлежни државни органи, лично или да овласти друго лице со заменичко полномошно.

Чл.6

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

20.04.2005

Содружници:

За АЈТОНА ХОЛДИНГ С.А од Панама

1. Потпис нечиток
/ г-дин Пер Хамберг /

Печат на фирмата

2. Потпис нечиток
/ г-дин Алфред Видеркер /

3. Потпис нечиток
/ г-дин Томас Мосер /

---

Јас долупотпишаниот Ѓорѓе Ангелов од Гевгелија, постојан судски преведувач за англиски јазик, потврдувам дека преводот од англиски на македонски јазик го извршив правилно.

Преведувач

ПОСТОЈАН СУДСКИ ПРЕВЕДУВАЧ ОД МАКЕДОНСКИ НА АНГЛИСКИ, ФРАНЦУСКИ, БУГАРСКИ И ГРЧКИ ЈАЗИК И ОБРАТНО ВО ОСНОВНИОТ СУД ГЕВГЕЛИЈА
ЃОРЃЕ АНГЕЛОВ
* ГЕВГЕЛИЈА *

Гевгелија, 03.04 2005

Ѓорѓе Ангелов